Врз основа на член 75 став (1) од Законот за јавните набавки* ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 24/19 и 87/21), член 5-а став (1) алинеја 26 од Статутот на Регулаторна комисија за енергетика на Република Македонија бр.01-391/2 од 26 август 2011 година и бр.01-374/6 од 19 март 2019 година, а во согласност со Финансискиот план на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија за 2022 година, Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 27 јануари 2022 година, донесе:

**ОДЛУКА**
**за донесување на Годишен план за јавни набавки за 2022 година на Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија**

**Член 1**

Се донесува Годишен план за јавни набавки за 2022 година на Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија бр. 10-207/1 од 27 јануари 2022 година.

**Член 2**

Се задолжуваат стручните служби да ја спроведат оваа одлука и да го објават Планот за јавни набавки за 2022 година на Електронски систем за јавни набавки најдоцна до крајот на јануари 2022 година.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Согласно член 75 од Законот за јавните набавки врз основа на планираните извори за финансирање, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија донесе план за своите вкупни потреби за набавки во тековната година по видови стоки, услуги и работи, со кој го определи предметот на набавката, очекуваниот почеток на постапката, проценетата вредност на договорот и видот на постапката за јавна набавка.

Согласно наведеното одлучено е како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Бр.10-207/1**
**27 јануари 2022 година**
**Скопје**

**Претседател на Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија**

**Марко Бислимоски**